**Здружение на граѓани “Младински образовен форум”**
Ул. Дренак 34-а
1000 Скопје, Македонија
02 31 39 692, 02 31 14 412
info@mof.org.mk, www.mof.mk

# Стратегија за работа на Младински образовен форум

2014 – 2017 година

1. Општествен контекст: Проблеми и потреби на младите

2. Визија, мисија и стратешки приоритети на МОФ

3. Стратешки приоритети, цели и задачи – Дебатна програма

4. Стратешки приоритети, цели и задачи – Учиме право програма

5. Стратешки приоритети, цели и задачи – Програма за истражување., анализа и креирање младински и образовни политики

6. Стратешки приоритети, цели и задачи – Програма за младински активизам

## 1. Општествен контекст: Проблеми и потреби на младите

Младите во Македонија сочинуваат една четвртина од вкупното население. Земајќи ги предвид проблемите и предизвиците со кои се соочуваат и честото ставање на маргините на младите и нивните приоритети, може да се рече дека тие се најголемата маргинализирана група во нашата земја. Оваа анализа ги разгледува состојбите со младите во општеството во неколку аспекти: **учество на младите, сегрегација, слобода на изразување, образование, квалитет на живот и невработеност.**

Според истражувањето *Капитулација, конфуција или отпор: Социјалниот капитал на македонскиот средношколец* на МОФ и Реактор спроведено во 2010, секој четвртти средношколец во земјата е само деклариран социјално исклучен млад човек. **Можностите за учество на младите во креирањето на политики, носењето на одлуки и реализирањето на политики се мали на локално, национално и образовно ниво (во средните училишта и на универзитетите).**

*Националната стратегија за млади 2005-2015* е пред своето истекување, а за неа сѐ уште е изготвен само еден акциски план во 2009, и не е јавно отпочнат процес за креирање на нова стратегија.
Иако во јуни 2012 се основаше Националниот младински совет на Македонија кој го сочинуваат 57 организации, една од кои е и МОФ; истиот се уште не е признаен како претставничко тело на младите од надлежните инстуции, иако има добиено препораки од Европскиот младински форум и Европскиот парламент.
На локално ниво, само околу десеттина општини имаат локални младински совети и стратегии (според истражување на МОФ од 2012, 9 и 10 општини ги имаат направени овие чекори), но темата се актуелизира и МОФ работи на поддршка на процеси за формирање на уште 12 локални младински совети во 2015 година, со што значајно ќе се зголеми бројот на претставнички тела. Локалните самоуправи почесто покажуваат интерес да креираат вакви тела, што е особено засилено по препораката од Агенцијата на млади и спорт за креирање на локални младински совети во 2014.
На ниво на средношколско организирање, во ниту едно училиште во земјата средношколците немаат право на учество во одлучувањето, а начините на организирање и учество се разликуваат од училиште до училиште. На национално ниво, чадор организациите се пасивни од 2008 и 2009 година, со исклучок на единствено на организацијата на средните стручни училишта МАССУМ.
Во високото образование иако студентите на повеќето универзитети имаат гарантирани седишта во телата кои носат одлуки, моделите на студентско организирање се рестриктивни и не овозможуваат учество на студентските организации и студентите.

Недостатокот од охрабрување на учеството на младите на локално и национално, но и во образовните институции е еден од факторите кои влијаат на мотивацијата на младите за покренување на сопствени иницијативи и застапување за своите права и интереси.
Други фактори кои влијаат врз младинското неучество се: апатијата, инстиуционалната исклученост, невреднување на мислењето на младите, расцепканост во граѓанскиот сектор при покренување на иницијативи и други фактори.

**Недостатокот од интеграција на младите во општеството ја отежнува и интеграцијата на младите меѓусебно.** Постојат тензии кај младите од младите од различни етникуми и култури и

чести се манифестациите на насилство. *Стратегијата за интегрирано образование* креирана од ОБСЕ и МОН не се спроведува во целост, што не одговара на потребата младите од различни заедници да ги надминат комуникациските бариети – јазик, физичка поделеност, недостаток на заеднички простори и активности. Овие проблеми создаваат поларизација во нашето општество, во чии први редови често се наоѓаат токму младите. Етничката сегрегација не е единствената кај младите – постои силна поделеноист според партиска основа, економска моќ, места на живеење и потекло, сексуална организација или други карактерстики.

Според исражувањето на МОФ и Метаморфозис *Млади и медиуми*, **по однос на слободата на говор**, 47% од младите во Македонија секогаш или често се чувствуваат неудобно и несигурно да објавуваат политички ставови преку медиумите. Младите често се наоѓаат во позиција да им недостасуваат знаења и информации за да ги заштиат своите права. Слабата граѓанска писменост и инволвираност, слабата медиумска писменост и моќ за селектирање на информации, препознавање пропаганда и говор на омраза и проверка на факти ги оставаат младите во позиција да често им недостасуваат информации за себе си.

Младите се скептични и со висока недоверба во медиумите, во однос на квалитетот на содржината која ја добиваат, 47% од сметаат дека медиумите често пласираат лажни факти, 36% сметаат дека употребуваат јазик кој стимулира поделби, а 33% сметаат дека медиумите ги структурираат вестите на пропагандистички начин. Општиот заклучок е дека младите малку им веруваат на содржините пласирани преку медиумите, при што радиото го сметаат за медиум кому најмногу може да му се верува. Медиумите не ги покриваат најзначајните теми за младите, и наместо тоа пласираат најмногу младински содржини во темите спорт и забава. Недостасуваат и младински гласила кои ќе ги покриваат прашањата од младинска перспектива.

Слободата за изразување е под влијание од стравот за изразување на јавни ставови и авто-цензурата, но и недостатокот на вистинска дебата во јавниот дискурс. Недостасува и поддршка од инситуциите за иницијативите и настаните кои промовираат слободно изразување, а користењето на јавни простори од страна на младите за културно изразување не е високо. Во ограничен простор за дискусија, размислување и изразување проблемот е дополнително продлабочен со неинформираноста, отсуството на дебата и недостаоткот на медиумски простор. Формалното образование не поттикнува разивање на слободата на изразување, а каналите за комуникација меѓу младите и институциите често се несоодветни, без присуство на системско решение кое ги таргетира начините на комуникаија.

**Образованието** во последните години претрпува неколку значајни реформи. Воведувањето на екстерно тестирање во средното и основното образование во 2013 беше реформа со голем опсег, чие спроведување во првата година создаде проблеми кои се одразија пред се врз учениците. Иако МОФ се застапуваше првото спроведување на екстерното тестирање да се смета за пилот и да нема ефект по оцените на учениците и санкциите на професорите поради недоследностите и пропустите во неговото спроведување, за што доби поддршка и од 25000 граѓани, тестирањето во 2013 не беше прогласено за пилот. Иако министерство не одговори официјално на анализите, петицијата или пак барањето за средба на МОФ, се огласи дека екстерното е спроведено успешно и „ниту еден ученик не е оштетен“. Сепак, во текот на следанта учебна година се забележа ретерирање од овој став, првенствено со воведувањето на „затворен базен прашања“ како голема но не соодветна промена, а што професорите од првата година на

тестирање чии резулатти покажале отстапка во оценувањето, ќе одат на советување, но дека нема да има награди или санкции.

Во 2014 слична реформа се најави во високото образование, односно воведување на екстерно тестирање поради „подобрување на квалитетот на образованието". И во овој случај отсуствуваше објавување на анализа и детални информации како и образложение на потребата од оваа мерка, иако истата навлегува во автономијата на универзитетот. Оваа мерка и отсуството на информации и детали за нејзината функција и спроведување, како и ставови на институциите, и пасивност на студентските тела, доведоа до еден од поголемите студентски протести во Македонија последните години.

Оваа реформа го отсликува оневозможувањето на статешки развој на високото образование, во кое од донесувањето на *Законот за високо обтразование* во 2000 имало 12 измени. Во надворешната евалуација на УКИМ од 2011 година нотирано е дека УКИМ се откажува од идејата за усвојување на стратешки план за работа до 2018, поради честата промена на законската рамка и постоење на атмосфера на неизвесност и несигурност.

Образовните институции се карактеризираат со висок степен на затвореност и нетранспареност. Соработката на НВОите со образовните институции, особено во средното образование е ограничена. Формалното образование не гради активни граѓани, не стимулира критичко размислување, а стандардизираното тестирање долнително не стимулира примена на знаењата.

Постојат слаби, неразвиени и непризнаени форми на средношколско организирање, а воспитната функција на средните училишта е често запоставена. Во образованието има манифестација на етно-национализам и негово несанкционирање и појави на дискриминација на основа на етникум, род и партиска припадност. Учесниците не се запознаени со механизмите за заштита на сопствените права.

Во високото образование покрај недостатокот од континуитет во орбазовните политики и неучество на студентите во нивното креирање, недостасува соработка меѓу јавни институции и бизнис секторот за спроведување на квалитетна пракса, нема евалуација на образовните политики, студентите се уште имаат проблем со пристап до соодветна литература а студентското организирање е заземено од нестрапарантни монополистички форми.

Иако не постои експлицитна дефиниција за **квалитет на живот**, гледајќи ги условите за живеење и социо-економската моќ на младите, мора да се забележи дека се неповолни.
**Ученичкиот и студентскиот стандард**, особено студентското сместување и домување се незавидни, во домови со нехумани услови за живеење кои чекаат или дел по дел се реновираат, но најголемиот дел од студентите се уште функционираат во лоши услови, додека *Законите за студентски и ученички стандард* не ги гарантираат минималните услови за живот.
Големиот степен на невработеност влијае особено на студентите, од кои голем дел живеат со финансиската поддршка од своите родители. Недостасуваат попусти за средношколци, бесплатни вонкорикуларни активности (покрај оние обезбедени од НВОите). Дури и при овозможувањето на екстракурикуларни активности за студенти, фокусот е на забава и спорт, а не на други активности. Институциите покажуваат многу малку интерес за потребите на средношколците и студентите за да ги овозможат.
Културните можности за младите се ограничени, дури и на основно ниво, а податок кој го укажува ова е дека дури 34% од младите во Македонија никогаш не отишле во кино.

Високата партизираност доцното младинско осамостојување и малата комуникација со младите иницирана од институциите ги прават младите исклучени и во незавидна позиција.
Агенцијата за млади и спорт, како директно надлежна за ова прашање, сите свои напори и средства ги вложува во активности за спортот, додека спроведува многу малку сопствени активности кои се директно наменети за младите и нивните приоритети.

**Стапката на младинска невработеност се уште е исклучително висока и ја отсликува неповолната положба на младите во општеството.**
Според истражувањето на „Реактор“ *Младите и пазарот на трудот* спроведено во 2013, повеќе од половина од младите на возраст од 15 до 29 години се неактивни, односно не работат и не бараат работа. Проценката е блиска до заклучокот на Меѓународната организација за труд, според која со 53,7 проценти невработени млади, Македонија е на прво место во светот.

За да може да се надминат овие предизвици, еден од предусловите е подигнување на конкурентноста на младите на пазарот на трудот, особено преку компензирање на знаењата и вештините со кои младите не успеале да се стекнат во текот на своето формално образование, како и да се зајакне улогата на неформалното образование за овозможување на практични знаења и градење на вештини. Формалното образование не нуди квалитетна пракса преку која студентите ќе успеат да се стекнат со работно искуство. Образованието е фокусирано на висок квантитет, односно број на ученици и студенти, со што се запоставува квалитеот на кадрите кои излегуваат од образовниот процес.

Недостатокот на работни места кај младите креира перцепција на сигурност кај јавната администрација, која младите ја сметаат за најпривлечен работодавач. Процесите на вработување исто така не се имуни на корупција, и честа е појавата на непотизам, користење на контакти и влијанието на партиската припадност.

Иако има преземање на некои мерки за стимулирање на младинското вработување, младите се често неинформирани за нив а истите се и контрадикторни со други мерки кои дестимулираат младинско вработување.
Дури и процесот на одржување на статусот на невработен е бирократизиран и е предизвик за младите. Во Македонија постои недостаток од здружување и дејствување на ова прашање, и проактивност на постоечките структури и организации кои работат на темата.

**Сепак, и покрај лошата положба на младите во последните години сме сведоци и на исклучелни охрабрувачки примери на младински активизам и учество.**

Во 2011, младинските и граѓанските организации успеаа да влијаат кон интервенции во ограничувачкиот и штетниот *Предлог-закон за млади*, преку активно вмрежено застапување за промени во текстот, успеаа да издејствуваат негово повлекување од собраниска процедура, за понатамошни консутлации со младинските организации. Консултациите се уште не се започнати.

Во 2011 МОФ го спроведе првиот мониторинг на избори за студентски претседател на изборите на Студентскиот Парламент на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, со цел да се направи овој процес појавен за студентите, но и да се испита неговата регуларност.
Во 2012, по едногодишен процес на консултации воден од младински организации е основано првото претставничко тело за млади во Македонија – Националниот младинскии совет кој го

сочинуваат 57 организаци. Иако не е признаен од државните институции, НМС има добиено поддршка од европските.

Во 2013 година, средношколците се самоорганизираа на протести против лошо спроведното екстено тестирање во средното образование. Петицијата на МОФ за прогласување на оваа реформа за пилот ја поддржаа 25000 средношколци, професори , родители и засегнати граѓани. Иако министерствотпо не ги призна грешките и недоследностите, во следните години направи повеќе промени во моделот кој го пондуи.

Во 2014 студентите во студенситот дом Гоце Делчев успеаа да го направат нивниот проблем – нехуманите услови за живот видлив за светската јавност преку интернет. Одзивот на македонските медиуми направи да се покрене итна постапка за  реновирање на овие домови, и премиерот за ова прашање изјави дека „студентите се во право“, Во 2014 се појави уште еден играч во високото образование – студентски пленум – хоризонтална иницијатива која организираше масовен протест против екстерното тестирање.

## 2. Визија, мисија и стратешки приоритети на МОФ

### Визија на МОФ

Македонија е интегрирано општество во кое постои развиена критичка мисла, слобода на изразување и квалитетно образование кое гради активни граѓани.
Младите во Македонија се суштински вклучени во одлучување и спроведување политики и се лидери во промоција на аргументирана дискусија и во почитување на човековите права и слободи.

### Мисија на МОФ

МОФ е младинска заедница која создава простор за дебата, слободно изразување и младинско организирање, охрабрува активизам, ги штити и унапредува младиските права и политики.

МОФ ги остварува своите цели преку информирање, едукација, дискусија, соработка и преку мотивирање и поддршка на младите.

### Стратешки приоритети на МОФ

1. Поттикнување и промоција на дебата, слобода на изразување и информирање;
2. Унапредување на младинските политики, формите на младинско учество и младинското здружување;
3. Промоција и заштита на права на млади;
4. Зголемување на довербата и соработката меѓу младите од различни заедници и маргинализирани групи;
5. Поттикнување и поддршка на младите да преземаат иницијативи за подобрување на нивниот социо-економски статус и квалитет на живот;
6. Зголемување на знаењата и вештините кај младите преку унапредување на квалитетот на формалното образование и промоција на неформално образование;

<table>
<tr><td colspan="6">Визија на МОФ<br>Македонија е интегрирано општество во кое постои развиена критичка мисла, слобода на изразување и квалитетно образование кое гради активни граѓани.<br>Младите во Македонија се суштински вклучени во одлучување и спроведување политики и се лидери во промоција на аргументирана дискусија и во почитување на човековите права и слободи.</td></tr>
<tr><td colspan="6">Мисија на МОФ<br>МОФ е младинска заедница која создава простор за дебата, слободно изразување и младинско организирање, охрабрува активизам, ги штити и унапредува младиските права и политики.<br>МОФ ги остварува своите цели преку информирање, едукација, дискусија, соработка и преку мотивирање и поддршка на младите.</td></tr>
<tr><td>1. Поттикнување и промоција на дебата, слобода на изразување и информирање;</td><td>2. Унапредување на младинските политики, формите на младинско учество и младинското здружување;</td><td>3. Промоција и заштита на права на млади;</td><td>4. Зголемување на довербата и соработката меѓу младите од различни заедници и маргинализирани групи;</td><td>5. Поттикнување и поддршка на младите да преземаат иницијативи за подобрување на нивниот социо-економски статус и квалитет на живот;</td><td>6. Зголемување на знаењата и вештините кај младите преку унапредување на квалитетот на формалното образование и промоција на неформално образование;</td></tr>
<tr><td>1.1.1. Потикнување и промоција на дебата и критичко размислување</td><td>2.3.1. Зголемување на општественото влијание на младите, преку креирање и развој на демократски и плуралистички форми на здружување и поттикнување на суштинско младинско учество;</td><td>3.2.1.Едукација за примена и заштита на правото на слобода на изразување и информирање за младински права, правна писменост и владеење на правото.</td><td>4.1.1. Зголемување на довербата и соработката меѓу младите од различни заедници и маргинализирани групи;</td><td>5.3.1. Придонес кон подобрување на социо-економскиот статус на младите, преку застапување на/за политики соодветни на потребите на младите</td><td>6.2.1. Промовирање на бенефициите за формалното образование од практикувањето на неформалното образование и охрабрување на младите за нивна активна вклученост во неформалното образование.</td></tr>
<tr><td>1.4.1. Промовирање слобода на изразување, слобода на информирање и критичко размислување</td><td>2.4.1. Вклучување на младите во процесот на донесување на одлуки и нивно здружување</td><td>3.2.2. Подигнување на свеста на младите преку информирање за нивните загарантирани слободи и права, запознавање со механизмите за заштита на истите во насока на преземање на иницијативи за нивно остварување пред институциите.</td><td>4.2.1.Поттикнување на соработката помеѓу младите од различни заедници за остварување на нивните заеднички интереси и подигнување на нивната свест за важноста на квалитетниот меѓуетнички соживот.</td><td>5.4.1. Ангажирање и мобилизирање на младите за унапредување на условите за живот во рамките на нивните заедници</td><td>6.1.1. / 6.4.1. Стекнување и зголемувања на знаења, вештини и искуства за личен развој и општествени промени</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>4.3.1. Унапредување на политиките за општествената интеграција на младите, преку промоција на принципите на правичност, еднакви можности и недискриминација;</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>4.4.1. Развивање на просторот за соработка меѓу младите од различни заедници и нивна интеграција</td><td></td><td></td></tr>
</table>

## 3. Стратешки приоритети, цели и задачи - Дебатна програма

Дебатната програма ќе работи на зголемување на присутноста и потребата за дебата (критичко размислување и аргументирана дискусија) во средните училишта, универзитетите и НВОата преку активностите на дебатните средношколски и универзитетски клубови, јавните и презентативни дебати. Дебатната програма ќе го зголеми својот опсег на делување со квалитетна програма и зајакнати капацитети. Со тренинзи за тренери, дебатни судии, водење на клубовите и учество на турнири ќе работи на зајакнување на своите капацитети и спроведување на Schools Style во клубовите во 14 градови во Македонија. Студентите во Универзитетските клубови како и досега ќе ја практикуваат критичката мисла преку редовните средби, локалните и меѓународните турнири, а во претстојниот период ќе работат и на дебатното знаење, свое организирање, клубски идентитет и препознавање на актиностите на дебатерите од институциите. Излегувајќи од рамката на компетитивна дебата и фокусирајќи се на констуктивната општествена дискусија, ќе се промоворира дебатата како алатка која ги зајакнува позициите и начинот на кој се изнесуваат ставови и аргументираме.
Дебатерите преку дебатната програма се градат во индивидиуи со говорнички и аналитички вештини како и развиена критичка мисла.

Средношколските и студентските клубови и понатака ќе продолжат да ја промовираат слободата на изразување, мотивирајќи ги своите членови да преземаат акции и да организираат јавни дебати каде ќе ги презентираат и ќе ги дискутираат своите ставови, предлог политики, анализи, решенија и идеи.

Нивото на констурктивен дијалог во нашата околина е мало и речиси и да нема јавна дискусија за државните политики и граѓанските проблеми. Дебатната програма во престојниот период ќе работи на креирање на поквалитетен јавен дискурс преку невладиниот и приватниот сектор, медиумите и институциите. Создавањето и овозможувањето на отворен простор, предводувајќи конструктивна дискусија ќе помогнат во креирањето и поддршката на critчката мисла во општеството.

Преку организирањето на јавни дебати како и преку основните начела на конструктивна дискусија, дебатната програма ќе се заложува да го покрене нивото на дијалог во јавноста на одредени мерки и политики. Програмата исто така ќе се фокусира и на креирање на алтернативни пристапи како радио дебати, колумни и отворени дискусии да посочи на аргументациските грешки кои го завземаат јавниот простор.

Како и досега дебатната програма ќе работи на прифаќањето и зголемувањето на степенот на разбирање и прифаќањето на младите од различни припадности преку зголемувањето на инклузивноста на дебатната програма. Работејќи на настани и метологии кои ги вклучуваат различните етникуми како и културите на државите од регионот, организирајќи редовни

предавања каде учесниците работат за остварување на заедничка цел ќе го покрене нивото на толеранција и разбирање. Компетитивните дебати и турнири кои ги организира дебатната програма претставуаат место за надминување на разликите, како и за размена на мислења и култури. Фокусирајќи се на зајакнувањето на досегашната методологија ќе се придонесе кон креирање на младина која ќе ги отфрли честите стереотипизирања, но ќе научи да слоевито да ги согледува проблемите на нашето општество.

Соработката со институциите и стекнувањето на довербата и нивното прифаќање на дебатната програма е од исклучителна важност за МОФ како и за успехот и кредибилитетот на дебатата. Афирмирајќи ги образовната функција на дебатната програма и промовирајќи го неформланото образование се зајакнува општествената важност и позиција за констуктвната организирана дискусија.

Дебатна програма ќе ги нуди своите капацитети и на други организации преку организирање на тренинзи за аргументирано изразување и критичко размислување.

| Организациски приоритет | Програмски приоритет | Цели | Задачи |
|---|---|---|---|
| 1. **Поттикнување и промоција на дебата, слобода на изразување и информирање;** | 1.1.1. Потикнување и промоција на дебата и критичко размислување | 1. Зголемување на присутноста и потребата за дебата, критичко размислување<br>и аргументирано изразување во средните улилишта, универзитетите и НВОа.<br>2. Креирање на поквалитетен јавен дискурс со дебатната програма како партнер на граѓанскиот и приватниот сектор, јавноста,<br>медиуимумите и институциите<br>3. Создавање на отворен простор и предводење на конструктивна јавна дискустија. | 1. Водење и комуникација со дебатни клубови<br>2. Организирање на јавни и презентативни дебати<br>3. Спроведување на WSS и BP програми за средношколците<br>4. Организирање на Тренинзи за тренери и Тренинзи за дебатни судии<br>5. Креирање на база на материјали за дебата и аргументација<br>6. Стандардизација на курикулуми за дебатни групи на различни нивоа<br>7. Организирање на дебатен караван<br>8. Организирање на изборни предавања за млади<br>9. Организиацијa на регионални, национални и интернационални дебатни турнири<br>10. Обучување на млади и младински организации за аргументирано изразување и критичко размислување<br>11. Организација на јавни дебати<br>12. Спроведување на тренинзи (аргументација и критичко размислување)<br>13. Креирање на дебатна web платформа<br>14. Покревање на дебата на важни прашања преку јавни дебати<br>15. Организирање на радио дебати за актуелни теми<br>16. Анализи за логички грешки<br>17. Следење на политички дебати |
| 4. **Зголемување на довербата и соработката меѓу младите од различни заедници и маргинализирани групи;** | 4.1.1. Зголемување на довербата и соработката меѓу младите од различни заедници и маргинализирани групи; | 1. Зголемување на степенот на разбирање и прифаќање на младите од различни припадности.<br>2. Поттикнување соработка и инклузивност преку дебатната програма | 1. Унапредување на методологија за работа со млади од различни заедници<br>2. Организирање на дебатни турнири и обезбедување на дата база на пишани и видео материјали<br>3. Организирање на кампањи<br>4. Организација на активности со дебатни друштва од регионот<br>5. Организирање турнири за вмрежување<br>6. Организирање на турнири и тренинзи |
| 6. **Зголемување на знаењата и вештините кај младите преку унапредување на квалитетот на формалното образование и промоција на НФО;** | 6.1.1. Стекнување и зголемувања на знаења, вештини и искуства за личен развој и општествени промени | 1. Градење на капацитетите (говорнички,аналитички, критичко мислење) на младите<br>2. Препознавање на потребата и предностите на дебатата од страна на институциите | 1.Спроведувањен на редовни предавања за средношколци и студенти<br>2. Овозможување на активности за развој на вештините и критичката мисла кај младите<br>3. Дебати и турнири за промоција на истражување и практикување на критички пристап<br>4. Креирање на база на пишани материјали<br>5. Редовно известување и состаноци за работата на дебатните клубови и постигнувањата на дебатерите кај институциите<br>6. Ангажирање на образовни иниситуции во дебатни активности<br>7. Поттикнување на меѓународна соработка |

## 4. Стратешки приоритети, цели и задачи - Учиме право Програма

Програмата Учиме право и во наредниот период од 3 години во фокусот на својата работа и поле на дејствување ќе ја стави едукацијата на младите за нивните права и обврски, правната писменост и информирањето и запознавањето на младите со основите на човековите, граѓанските и политичките права и слободи, функционирањето на правниот систем и владеењето на правото, како и промоцијата на демократските вредности.

Со оглед на недоволно развиената правна писменост кај граѓаните, а особено кај младата популација, оваа програма ќе продолжи да одржува редовни предавања и работилници според однапред утврден курикулум кои ќе имаат за цел информирање на корисниците за граѓанските и младинските права кои им стојат на располагање, како и запознавање со механизмите за практикување и заштита на правата кои им припаѓаат и следуваат.

Во период на ограничена слобода на говор и страв од јавно изразување на мислата, во општество каде што младите добиваат неточни, недоволни и неквалитетни информации од страна на медиумите, а од друга страна и не добиваат воопшто или сосема мал простор за изразување на своите ставови и мислења во однос на одредени младински теми, прашања и политики, Учиме право се залага за позиционирање како фактор преку кој се актуелизираат младинските проблеми и кој создава содржини и активности кои ќе соодветствуваат на моменталните потреби на младите.

Со ставање посебен фокус на слободата на изразување, борбата против говорот на омраза и казнените дела кои произлегуваат од истиот, како и поддршка на независната младинска мисла и сите активности кои дополнително ќе придонесуваат кон развојот на овие слободи, програмата цели кон оспособување на младите луѓе активно да работат на ова поле преку предавањата на овие теми и давањето можности за имплементирање на стекнатите знаења и вештини преку механизмите кои стојат на располагање, но и јавните настани кои ќе се спроведуваат во рамки на програмата.

Генералната перцепција на младите во однос на државните и образовните институции е дека истите се прилично затворени за нив и глуви во однос на нивните барања, па оттука и недовербата кон институциите и сомнежот во нивната транспарентност. Сето ова придонесува кон создавање на поголем јаз помеѓу младите и институциите и ги обесхрабрува да се обраќаат кон нив во насока на остварување и заштита на своите права.

Токму оваа програма за една од своите стратешки определби во наредниот период ќе го има подигнувањето на свеста за правата и обврските на младите и начините на кои тие можат да се обратат до институциите кога сметаат дека некое нивно право е загрозено или повредено, кога сакаат директно да бидат вклучени во процесот на донесување на одлуки кои директно и лично ги засегаат, како и во случаите во кои би сакале директно да практикуваат граѓански активизам на локално или национално ниво. Овие стратешки цели ќе се остваруваат преку работилници на кои ќе се стекнуваат и подобруваат вештините за пишување на претставки и предлози и поднесување

на иницијативи до надлежните институции и органи, преку работата на Советодавниот сервис за права на млади кој има за цел да дава упатства, насоки и совети како младите најбрзо и најлесно да дојдат до одговор на своите прашања и дилеми поврзани со секојдневното живеење и функционирање во рамките на средното и високото образование, како и во рамките на локалната заедница.

Секојдневно сме сведоци на сè поголемо присуство на сегрегација и оддалеченост помеѓу младите на различни основи. Младите потпаѓаат под злоупотреба и разни влијанија од страна на политичките партии и разни интересни групи во македонското општество кои очигледно имаат некаква корист од поделеноста на младите и разгорувањето на национализмот, меѓуетничката нетрпеливост, создавањето и продлабочувањето на стереотипите и предрасудите за припадниците на заедниците кои по која било основа се различни од сопствената.

Оваа програма посветено ќе работи на намалувањето на поделбата помеѓу младите лица особено на национална, етничка и партиска поделба преку создавање на простор и разни содржини и активности кои ќе придонесат кон зголемена соработка помеѓу младите припадници на различни етнички заедници. Во оваа насока, ќе се поддржат и дополнително развиваат веќе постоечките клубови во мултиетничките средини, а ќе се пристапи и кон отворање на нови клубови и опфаќање на поголем број на млади во овие средини. За потребите на овие клубови, телото на предавачи ќе ги надогради своите капацитети и ќе се збогати со нови членови кои активно се служат со повеќе јазици и кои ќе можат да ги пренесат своите знаења и вештини на младите членови.

Останатите активности кои Учиме право ќе ги преземе за поттикнувањето на соработка и разбирање помеѓу младите ќе вклучат и вмрежување на клубовите и нивните членови преку разни натпревари за утврдување на материјата која е предадена, јавните настани и работилници кои ќе бидат организирани и спроведени од самите корисници на програмата под менторство на предавачите и кои ќе опфаќаат теми од областа на дискриминацијата, ненасилната комуникација, говорот на омраза и криминалот од омраза.

Програмските активности на Учиме право се комплементарен дел на формалното образование. Користејќи ги принципите на неформалното образование, како што се интерактивните методи и техники на предавање, вклученост на младите во процесот на учење и развој и стекнување разни вештини преку врсничката едукација, оваа програма секојдневно работи на промоцијата на бенефициите од неформалното образование. Преку поголема видливост во јавноста и медиумска покриеност која ќе се добива од јавните настани кои програмата ќе ги организира, обучувањето на поголем број млади за активно остварување на своите права и слободи, но и редовната самоевалуација на сите сегменти од функционирањето на програмата, ќе се зголеми и препознавањето на Учиме право во јавноста како квалитетен понудувач на неформално образование. Од овие активности најголема корист ќе имаат корисниците чии потреби за повеќе теоретски знаења и практични вештини од правен аспект очигледно недоволно ги задоволува формалното образование.

Учиме право остварува голем дел од своите програмски активности благодарение на образовните и државните институции и органи на локално и државно ниво. Иако функционира во доменот на неформалното образование, сепак продлабочената соработка, зголемената и подобрена комуникација, потпишувањето на меморандуми за соработка, поддршката и гледањето на партнер во овие институции треба да се земат како императив во периодот кој следи. Токму овие стратешки цели може да придонесат кон сертифицирање на програмата Учиме право и поголема отвореност и достапност на институциите за остварување на програмските активности, но и за младите луѓе воопшто.

| Организациски приоритет | Програмски приоритет | Цели | Задачи |
| --- | --- | --- | --- |
| **3. Промоција и заштита на права на млади;** | 3.2.2. Едукација за примена и заштита на правото на слобода на изразување и информирање за младински права, правна писменост и владеење на правото. | 1. Информирање на младите за граѓанските и младинските права, за правото на слобода на изразување, за функционирање на правниот систем и демократските вредности. | 1. Редовни предавања во Учиме право клубовите според унифициран годишен курикулум.<br>2. Обуки за јакнење на капацитетите на телото на предавачи.<br>3. Предавања од страна на стручни лица.<br>4. Работилници за правото на слобода на изразувањето, говорот на омраза и криминалот од омраза.<br>5. Издавање на публикации за младински права.<br>6. Јавни трибини за младински права, слобода на изразување и јакнење на правната писменост. |
| | | 2. Запознавање на младите со начини на кои можат да комуницираат со институциите преку механизмите за заштита во случај на злоупотреба на нивните права. | 1. Објава на содржини со постапки и образци за поднесување приговори, молби и барања преку Советодавниот сервис за права на млади.<br>2. Пишување на претставки, предлози и поднесување на иницијативи до институциите и органите.<br>3. Одговори на поставени прашања (случаи) во врска со определни постапки за остварување на права. |
| **3. Промоција и заштита на права на млади;** | 3.2.2. Подигнување на свеста на младите преку информирање за нивните загарантирани слободи и права, запознавање со механизмите за заштита на истите во насока на преземање на иницијативи за нивно остварување пред институциите. | 1. Актуелизирање на младинските проблеми преку Учиме право. | 1. Симулации на главни расправи и поднесување на иницијативи и предлози до државни и институции со јавни овластувања<br>2. Објава на колумни и ставови на членовите на клубовите и предавачите за актуелни општествени теми од интерес на младите.<br>3. Работилници во рамките на клубовите на младински теми и прашања.<br>4. Користење на медиуми и социјални мрежи за пренесување на информациите од програмата.<br>5. Поддршка и оставање на располагање на своите капацитети на останатите програми на МОФ. |
| | | 2. Помош и поддршка на младите во остварувањето и заштитата на | 1. Работа на канцеларијата на Советодавниот сервис за права на младите.<br>2. Отвореност и достапност на телото на предавачи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | нивните права во конкретни случаи преку активно користење на расположливите механизми за нивна заштита. | за помош при решавање на младински проблеми. |
| | | 3. Влијаење врз младите во насока на развој на нивната критичка мисла за работата на институциите. | 1. Посети на институции за запознавање со нивната работа.<br>2. Следење и анализа на актите и документите на институциите и нивниот ефект врз младите.<br>3. Предавања и работилници за употребата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. |
| **4. Зголемување на довербата и соработката меѓу младите од различни заедници и маргинализирани групи;** | 4.1.2. Поттикнување на соработката помеѓу младите од различни заедници за остварување на нивните заеднички интереси и подигнување на нивната свест за важноста на квалитетниот меѓуетнички соживот. | 1. Создавање на простор за комуникација и соработка помеѓу младите од различни заедници. | 1. Поддршка и развој на постоечките клубови во кои членуваат ученици од различни заедници.<br>2. Отворање на нови клубови во диверзитетни средини.<br>3. Натпревари и активности за вмрежување на различните клубови.<br>4. Подобрување и зголемување на капацитетите на телото на предавачи за потребите на клубовите во мултиетничките средини. |
| | | 2. Креирање на содржини и активности од заеднички интерес за младите од различни заедници. | 1. Предавања и работилници од областа на дискриминација, предрасуди, стереотипи, меѓуетничка толеранција и разбирање, ненасилна комуникација.<br>2. Посети на институции кои работат на ова или слично поле со цел младите подобро да се запознаат со законската рамка и нивната работа.<br>3. Поддршка на концепти за јавни настани кои имаат за цел намалување на нетолеранцијата и зближување на младите кои потекнуваат од различни заедници од страна на членовите<br>4. Организација на ЕУ викенд како годишна програмска активност. |
| **6. Зголемување на знаењата и вештините** | 6.2.1. Промовирање на бенефициите за | 1. Зајакнета улога на неформалното образование во обазовните | 1. Продолжување и продлабочување на соработката со образовните и државните институции. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **кај младите преку унапредување на квалитетот на формалното образование и промоција на неформално образование;** | формалното образование од практикувањето на неформалното образование и охрабрување на младите за нивна активна вклученост во неформалното образование. | институции | 2. Потпишување на меморандуми за соработка со активности со училиштата.<br>3. Вклучување на претставници на институциите на настани на организацијата.<br>4. Укажување признание за остварени соработки и поддршка. |
| | | 2. Препознавање на Учиме право како квалитетен понудувач на неформално образование и алатка за информирање и заштита на правата на младите. | 1. Евалуација на работата на клубовите, предавачите и курикулумот.<br>2. Организирање и спроведување на настани од јавен и отворен карактер на теми поврзани со курикулумот.<br>3. Споделување во јавноста на проблеми и случаи на младите луѓе во кои програмата помогнала.<br>4. Промоција на програмата на почетокот на учебната и академската година.<br>5. Вмрежување и соработка со организации и институции кои работат или придонесуваат на полето на неформалното образование. |
| | | 3. Поголема инволвираност на младите во неформалното образовани низ програмски содржини креирани според нивните потреби. | 1. Изработка на Учиме право учебник наменет за корисниците, предавачите и пошироката јавност и прирачник за телото на предавачи.<br>2. Консултирање на членовите и корисниците за креирањето на курикулумот и активностите.<br>3. Предавања и работилници од областа на волонтерството и младинската работа во курикулумот.<br>4. Споделување на повици и информации околу можности за пракса во Учиме право и МОФ.<br>5. Годишни обуки за нови предавачи по УП.<br>6. Вклучување на членовите и корисниците во организацијата на настани. |

## 5. Стратешки приоритети, цели и задачи - Програма за истражување, анализа и креирање младински и образовни политики

Програмата за истражување, анализа и креирање на младински и образовни политики во наредните 3 години ќе продолжи да работи на некои темите кои беа опфатени и во минатата стратегија, со цел да одржи континуитет, но истовремено ќе работи и на проширување на опсегот, како реакција на тековните и потенцијалните потреби и интереси на младите.

Програмата ќе работи на зголемување на општественото влијание на младите, преку креирање и развој на демократски, плуралистички форми на здружување и нивно препознавање како неопходен фактор при креирање и имплементација на младинските политики во општеството. Во рамки на овој приоритет, ќе се работи на унапредување и поддршка на средношколско, студентско, локално и националано организирање и учество. Конкретно програмата ќе учествува во развивање на форми на средношколско организирање и нивно препознавање како партнери во образованиот процес; учество во развој на демократски, легитимни студентски претставнички тела; застапување за учество на младите во процесите на донесување на одлуки на локално ниво и унапредување на локалното младинското здружување.

На подобрување на квалитетот на образовниот процес и образовните политики во средното и високото образование, е работено и во минатиот стратешки период, меѓутоа согласно условите се јавува потреба да се прошири спектарот на прашања од интерес од оваа област. Како програмски цели во рамки на овој приоритет се јавуваат: унапредување на антикорупциски политики во образовните институции и зголемен степен на информираност за последиците од коруптивно поведение, појавни форми на корупција и механизми за заштита; активен допринос кон примена на Болоњскиот систем со цел унапредување на квалитетот на високото образование; промоција и примена на принципите на интегрирано средно образование. Програмата активно ќе ги следи новите трендовите во сферата на средно и високо образование, и доколку се јави потреба тековно ќе се изјаснува за нив.

Иако и досега Програмата истражувала прашања врзани со примената на принципите на правичност, еднакви можности и недискриминација, сепак тоа не е правено систематски. По реализираното истражување на тема дискриминација во високото образоваание, на основа на добиените резултати, може да се заклучи дека потребно е да се актуелизира проблемот на дискриминација на млади врз основа на политичко убедување. Понатаму, потребно е да се работи на унапредување на политиките за позитивна дискриминација во високото образование, пред сè анализа на постоечки механизми за позитивна дискриминација во високото образование и утврдување на ефектите од позитивна дискриминација. Друга тематика која придонесува за општествената интеграција на младите е прашањето за превенција и намалување на насилството и говорот на омраза.

Конечно, многу индикатори посочуваат на незадоволителниот социо-економски статус на младите. Високата стапка на невработеност е најчесто посочуван проблем на младите, проблем кој програмата мора да започне да го анализира и истражува. За таа цел, ќе се работи на утврдување на економската моќ на младите, обид за унапредување на политиките за намалување на невработеноста кај младите; ќе се адресира трендот на миграција кај млади; ќе се работи на промоција на социјални бенефиции наменети за млади и застапување за нивно проширување.

| **Организациски приоритет** | **Програмски приоритет** | **Цели** | **Задачи** |
|---|---|---|---|
| **2. Унапредување на младинските политики, формите на младинско учество и младинското здружување;** | 2.3.1. Зголемување на општественото влијание на младите преку креирање и развој на демократски и плуралистички форми на здружување и поттикнување на суштинско младинско учество; | 1. Развивање на форми на средношколско организирање и нивно препознавање како партнери во образовниот процес | 1. Остварување и проширување на соработка со средни училишта за развој на средношколски заедници (СЗ)<br>2. Креирање на модели на средношколско организирање<br>3. Тренинзи за градење на капацитети на средношколските форми на организирање<br>4. Поддршка во промоција на СЗ (настани, кампањи, отворање канцеларии и други активности)<br>5. Развој на интерни и стратешки документи на СЗ<br>6. Вмрежување на СЗ<br>7. Сензибилизација на образовните власти за важноста од организирање и учество на учениците во процесите на одлучување<br>8. Посредување во соработка со меѓународни организации<br>9. Поддршка и покренување на иницијативи за унапрадување на правната рамка од областа на средношколско организирање и учество |
| | | 2. Учество во развој на демократски, легитимни студентски претставнички тела, кои на институционален начин ги застапуваат потребите и ставовите на студентите. | 1. Спроведување мониторинг на студентските избори<br>2. Анализа на финансиско работење на студентските парламенти (СП)<br>3. Анализа на процесот на назначување на студенти во тела на одлучување и нивниот перформанс во овие тела<br>4. Истражување на ставови и информираност на студнтите за СП (компаративна анализа)<br>5. Разработка на предлог модел за реформирање на систем на студентско организирање<br>6. Редовно информирање на универзитетските/факултетските власти за злоупотреба на правата на студентите од страна на СП или прекршување на актите на образовните институции (ОИ)<br>7. Нудење на помош во постапка за заштита на права на студентите, прекршени од страна на СП<br>8.Поведување на постапки за оценка на законитото работење на студентскиот парламент |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | 9. Мониторирање на работата на студентскиот правобранител и креирање на препораки за унапредување на позицијата ( одвојување од СП, зголемување на ингеренции, професионализација на функцијата)<br>10. Поддршка преку параправна помош<br>11. Континуирано информирање на медиуми за состојбите со студентско организирање и учество 12. Мобилизација на професори и студентски организации во поддршка на реформа на студентско организирање<br>12. Настани на кампуси за студенти<br>13. Интензивирање на соработката со институции надлежни за заштита на права на студентите<br>14. Информирање на меѓународната заедница за состојбите<br>15. Поддршка на други студентски иницијативи и организации<br>16. Водење и ажурирање на регистар на студентски организации<br>17. Креирање на online дата база на податоци |
| | | 3. Учество на младите во процесите на донесување на одлуки на локално ниво и унапредување на локалното младинското здружување | 1. Развој и поддршка на локални младински совети<br>2. Мониторинг и евалуација на работатата на веќе постоечките локални младински совети<br>3. Развој на локални младински стратегии<br>4. Мониторинг и евалуација на младински стратегии кои веќе се донесени и се во фаза на имплементација<br>5. Развој на политики и модели за вклучување на младите во процеси на одлучување на локално ниво<br>6. Препознавање на младинските организации од локалните институции како засегнати страни во процесот на донесување и имплементација на локални младински политики<br>7. Вмрежување на ЛМСи на национлано ниво и помош при остварување на меѓународна соработка<br>8. Развој на капацитети на локални младински форми на организирање |
| | | 4. Препознавање на младите како неопходен фактор при креирање и | 1. Активно учество и придонес во НМС<br>2. Следење и земање на учество во иницијативи или |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | имплементација на младинските политики во општеството | активности покренати од останатите општествени чинители, кои се во насока на унапредување на младинските политики и интереси |
| **2. Унапредување на младинските политики, формите на младинско учество и младинското здружување;** | 2.3.2. Подобрување на квалитетот на образовниот процес и образовните политики во средното и високото образование; | 1. Унапредување на антикорупциски политики во образовните институции и зголемен степен на информираност за последиците од коруптивно поведение, појавни форми на корупција и механизми за заштита | 1. Унапредување на методологијата за истражување на корупција<br>2. Спроведување на истражувања за корупција на ВО ( на нови теми и веќе постоечки<br>3. Спроведување на истражување на корупција во средно образование<br>4. Учество во активностите на ДКСК<br>5. Законски измени во насока на препознавање на современите форми на корупција во ВО или застапување за сензибилирање на подзаконската рамка во однос на корупција во ВО<br>6. Активности за запознавање на студентите со формите на корупција и актуелизација на тела и механизми за заштита (настани, јавни акциии, трибини, користење на информативни материјали)<br>7. Промоција на тел. за пријавување на корупција |
| | | 2. Унапредување на квалитетот на високото образование преку активен придонес за примена на Болоњскиот систем | 1. Јавни активности на тема имплементација на Болоња (јавни трибини, промотивни материјали)<br>2. Покревање на општа дискусија за тематски прашања и Креирање на кратки брифови или позициски документи<br>3. Спроведување на истражување за ревизија на Болоња<br>4. Мониторинг на ангажманот на македонските високообразовни власти во меѓународни организации со надлежност во ВО<br>5. Проширување на соработка со меѓународни организации одговорни за ВО и имплементација на Болоња |
| | | 3. Промоција и примена на принципите на интегрирано средно образование | 1. Истражување за степен на имплементација на Стратегијата за интегрирано образование (ИО)<br>2. Промоција на концептот за ИО во јавноста ( на пр. промоција за искуства на училиштата кои работат на програми за ИО) |
| | | 4. Следење и креирање на политики на основа на нови трендовите во сферата на средно и | 1. Следење на европските практики и новитети во европските процеси<br>2. Анализа на политки и изготвување на брифиви на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | високо образование | тековни реформи кои го засегаат средното и високото образование<br>3. Вклучување на работни групи за креирање на образовни политики |
| **4. Зголемување на довербата и соработката меѓу младите од различни заедници и маргинализирани групи;** | 4.3.1. Унапредување на политиките за општествената интеграција на младите, преку промоција на принципите на правичност, еднакви можности и недискриминација; | 1. Унапредување на политиките за позитивна дискриминација во високото образование | 1. Анализа на постоечки механизми за позитивна дискриминација во ВО<br>2. Анализа на потребите за постоење на етнички квоти (утврдување на ефектите од позитивна дискриминација) |
| | | 2. Актуелизирање на проблемот на дискриминација на млади врз основа на политичко убедување | 1. Истражување за застапеноста, форми и контекст во кој се јавува<br>2. Компаративни искуства за справување со дискриминација на политичка основа кај млади<br>3. Активности за запознавање на младите со формите на политичка дискриминација и зголемување на свеста за негативните последици од нејзиното постоење |
| | | 3. Придонес кон развивање на политики за превенција и намалување на насилството и говорот на омраза меѓу младите | 1. Евалуација на степен на имплементација на постоечката стратегија за намалување на насислство<br>2. Учество во изготвување на нова стратегија за намалување на насислство<br>3. Активности за запознавање на младите со формите на насилство и зголемување на свеста за негативните последици |
| **5. Поттикнување и поддршка на младите да преземаат иницијативи за подобрување на нивниот социо-економски статус и квалитет на живот;** | 5.3.1. Придонес кон подобрување на социо-економскиот статус на младите, преку застапување на/за политики соодветни на потребите на младите | 1. Утврдување на економската моќ на младите во Македонија | 1. Спроведување на истражување и анализа |
| | | 2. Унапредување на политиките за намалување на невработеноста кај младите во Македонија | 1. Проширување и надградување на капацитетите на програмата за истражување за невработеноста на младите<br>2. Систематизација на постоечките мерки<br>3. Истражување и анализа на успешноста на мерките за намалување на невработеност<br>4. Анализа на компаративни практики за намалување на невработеност кај млади |
| | | 3. Придонес кон развој и унапредување на политики кои го адресираат трендот на миграција кај млади | 1. Утврдување на тип на миграции, обем и мотиви за миграции кај млади<br>2. Анализа на мерки што го адресираат прашањето на миграција |

## 5. Стратешки приоритети, цели и задачи - Програма за младински активизам

Програмата за младински активизам(МА), во наредните три години, ќе ја насочи својата работа кон 5 приоритети. Активностите кои ќе бидат преземени во рамките на овие приоритети ќе бидат реализирани од млади луѓе на локално и национално ниво.

Од истражувањето на МОФ *„Средношколско организирање и учество во Република Македонија"* од 2013 година, испитаниците кажуваат **дека тие не се вклучени во процесот на носење на одлуки и не се информирани за одлуките кои ги носи училишната управа**. Истражувањето *„Капитулација, конфузија или отпор: Социјалниот капитал на македонските средношколци"* од 2011 година ги покажа следниве резултати:

- **70% од средношколците сметаат дека локалните власти не работат за доброто на градот и не ги штитат интересите на младите.**
- **77% од испитаниците сметаат дека државата е водена од малкумина кои ги штитат сопствените интереси.**
-

Оттука и потребата на програмата да се залага за **вклучување на младите во процесот на донесување на одлуки и нивно здружување**. Младите не се информирани за нивните права, не се застапувани во јавни институции кои третираат младински проблеми и немаат механизми за здружување и здружено делување за подобрување на нивната состојба во општеството.

Програмата за младински активизам ќе продолжи да работи на **развивање на просторот за соработка меѓу младите од различни заедници и нивна интеграција.** Во истражувањето *„Средношколско организирање и учество"* (2013) испитаниците кои доаѓаат од мултиетнички средини јавуваат бројни меѓуетнички проблеми (физичка поделеност, лоша комуникација и предрасуди, нееднаков третман, непреземање соодветни мерки од надлежните по конфликти меѓу ученици од различна етничка припадност). Ситуацијата не е ништо подобра во поглед на другите заедници (ЛГБТИ, верска припадност, социјален статус). Во последните 3 години регистрирани се 6 случаи каде било извршено насилство врз припадник/припадници на ЛГБТИ заедницата. Ниту еден од случаите не е расветлен. Младите сѐ почесто се мета на говор и насилство од омраза. Во анализата на Хелсиншки комитет за човекови права - *„Набљудување, мапирање и известување за криминалот од омраза"* се вели дека **„најпогодени членови на општеството[од криминал од омраза] се младите"**(2013). Поради ова, МА ќе користи алатки за меѓусебна комуникација, заедничко делување, препознавање и почитување на различностите, подигање на свест за говор на омраза и насилство од омраза и намалување на предрасудите и насилството.

Приоритетот **ангажирање и мобилизирање на младите за унапредување на условите за живот во рамките на нивните заедници** е насочен кон одговорностите кои младите ги имаат кон себе и средината во која живеат. Тука ќе биде опфатено волонтерството како можност за извршување на општествено корисна работа, ќе се промовира солидарност и поддршка за ранливи групи и поединци на кои им е потребна помош. Истражувањето *„Капитулација, конфузија или отпор:*

*Социјалниот капитал на македонските средношколци*"(2011) покажува дека **62.8% од средношколците никогаш во својот живот не биле ангажирани во решавање на одреден проблем во нивниот град, а пак, 51.2% од средношколците никогаш не волонтирале.** Ваквите алармантни податоци се потик за МА, но и целиот МОФ, да вметнат активности за промена на оваа ситуација. Како и досега, МА ќе продолжи да промовира волонтерство и да ги потикнува младите да креираат акции насочени кон подобрување на стандардот на младите и нивната позиција во заедницата.

Се ова ќе биде возможно само доколку програмата обезбеди соодветно образование за темите на кои се насочува, затоа во рамките на МА ќе се работи на **стекнување и зголемувања на знаења, вештини и искуства за личен развој и општествени промени.** Тука влегуваат и медиа/арт клубовите кои работат во 5 града (Тетово, Неготино, Велес, Струга, Скопје) во државата, со можност да се отвараат нови и да се зајакнуваат постоечките. Клубовите ќе работат на развивање на формите на уметност и новите медиуми како алатки за младински активизам.

Фактите укажуваат дека во изминатите години се појави потреба за активно залагање и подобрување на состојбата во јавното изразување кај младите. Слабата информираност и достапност на слободни платформи и простори за изразување, информирање и активирање резултира со ограничен простор за развивање критичка мисла. Токму затоа во престојните години програмата за МА ќе работи **активно на промовирање на слободата на изразување, слободата на информирање и критичкото размислување**.

МА ќе цели кон **отстапување на медиумски простор за креативната заедница, маргинализираните групи, здруженија на граѓани, движења и индивидуалци**. Токму затоа програмата ќе го зголеми бројот на соработници и партнери во своето работење. Дополнително МА ќе овозможи аудио и видео пренос од активностите на групи кои се во интерес на програмата и организацијата како и покревање на дебати на темите кои се вклучени во приоритетите на МОФ.

Програмате ќе се посвети на **стимулирање и информирање на младите за активно користење на јавните простори.** Токму затоа програмата ќе работи на вклучување на креативната заедница во својата работа и преку креирање на активности за информирање на младите за користење на јавниот простор.

Како еден од поважните прозводи на програмта е и **продукцијата на содржини кои се од интерес на младите.** За зголемување на опсегот на прозиводите програмта ќе работи на зголемување на квантитетот и квалитетот на медиумски содржини пласирани на нејзините веб платформи, ќе организира конференции за споделување на искуства, знаења и вештини како и создавање на нови веб платформи за младинско информирање на локално ниво.

**Развивање и промовирање на медиумска писменост, дебата и критичка мисла** е еден од поважните интереси на програмта. Од тие причини програмта ќе се залага за зголемување на капацитетите на Радио МОФ за можности за пракса и волонтирање со менторства, зајакнување на соработката со факултетите по новинарство, други медиуми и медиумски организации како и организирање на отоворени работилници за млади и медиуми.

Како една од поглемите и позначајните проекти на програмата е интернет радиото Радио МОФ. Од неговото формирање Радио МОФ бил отворен од повеќе од 650.000 уникатни IP адреси. За престојните три години програмата ќе работи на **позиционирање на Радио МОФ на медиумската сцена** како најголем и најважен медиум за младите. Од тие причини тимот на радио ќе го зголеми на присуство на социјални мрежи, ќе го зголеми присуството на културната сцена, ќе вклучи јавни личности во програмата на Радио МОФ, ќе покрие иницијативи кои промовираат слобода на изразување. Дополнително ќе се врмежи со други медиуми, медиумски организации, формални и неформални групи со цел за остварување на заеднички активности.

| Организациски приоритет | Програмски приоритет | Цели | Задачи |
|---|---|---|---|
| **2. Унапредување на младинските политики, формите на младинско учество и младинското здружување;** | 2.4.1. Вклучување на младите во процесот на донесување на одлуки и нивно здружување | 1. Зголемување на бројот на млади во процесите на донесување на одлуки, поддршка и поттик на здружување и вмрежување на формални и неформални групи, иницијативи и индивидуалци за решавање на проблеми од нивен интерес | 1. Поттикнување на младите за преземање на грѓански иницијативи во локалната средина (преку петиции, претставки, предлози)<br>2. Комуникација на младите и институциите, зголемување на соработката со институциите<br>3. Информирање на младите за нивните права и можности преку Радио МОФ и нови онлајн платформи (нови содржини и кампањи)<br>4. Развивање и мултиплицирање на нови веб платформи на локално и национално ниво. |
| **4. Зголемување на довербата и соработката меѓу младите од различни заедници и маргинализирани групи;** | 4.4.1. Развивање на просторот за соработка меѓу младите од различни заедници и нивна интеграција | 1. Запознавање на културата и подобрување на комуникацијата помеѓу младите од различните заедници (етнички, верски, ЛГБТИ, социјални) | 1. Студиски посети за запознавање, размена на искуства и стекнување на знаење (посети меѓу клубовите, посета на организации, институции и настани)<br>2. Зголемување на медиумски содржини (форма: видео, аудио, фото, текстови, стрим) |
| | | 2. Намалување на предрасудите, нетолеранцијата, насилство и стигматизацијата во образованието, медиумите и средината во која живеат младите | 1. Организирање на акции, настани и кампањи за подигање на свеста за еднаквоста (филмски проекции, онлајн кампањи, радио дебати)<br>2. Активно учество во коалиициите против говорот на омраза на интернет<br>3. Приклучување на нови иницијативи против говорот на омраза<br>4. Воспоставување на стандарди и креирање на начела за справување со говорот на омраза како и нивна промоција во медиумите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5. Поттикнување и поддршка на младите да преземаат иницијативи за подобрување на нивниот социо-економски статус и квалитет на живот;** | 5.4.1. Ангажирање и мобилизирање на младите за унапредување на условите за живот во рамките на нивните заедници | 1. Промовирање и поттикнување на волонтерство и општествена одговорност | 1. Креирање на материјали за промоција на волонтерство достапни на повеќе јазици кои се говорат во државата.<br>2. Организирање на обуки за (потенцијални)волонтери<br>3. Учество на локални, национални и меѓународни собири и настани за промовирање и размена на искуства на волонтери<br>4. Воведување на информатор за волонтерски позиции во организацијата.<br>5. Организирање на настани кои преку волонтирање ќе адресира локални проблеми |
| | | 2. Иницирање акции за унапредување на младинските стандарди (студентски, средношколски, животен) | 1. Поддршка на неформални групи во организирање на акции и иницијативи<br>2. Зголемување на акцентот на покривање на медиумски содржини за младински стандард.<br>3. Организирање на акции и настани за унапредување на стандардот |
| **6. Зголемување на знаењата и вештините кај младите преку унапредување на квалитетот на формалното образование и промоција на неформално образование;** | 6.4.1. Стекнување и зголемувања на знаења, вештини и искуства за личен развој и општествени промени | 1. Овозможување на менторство за младински иницијативи, акции и организација на настани | 1. Креирање на база на ментори<br>2. Креирање на водич за менторирање |
| | | 2. Вмрежување и размена на знаење, искуства и вештини со други организации, неформални групи и индивидуалци | 1. Зголемување на бројот на гости – предавачи и надворешни соработници<br>2. Унапредување на внатрешните капацитети на национално и интернационално ниво<br>3. Студиски посети за размена на искуства и стекнување на знаење |
| | | 3. Неформално образование за промоција и поттик на младински | 1. Создавање на прирачник за младински активизам<br>2. Одржување на веќепостоечките клубови и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | активизам | постепено создавање нови<br>3. Нови обуки за младински активизам во веќепостоечки центри и во градови со кои немаме постојана соработка<br>4. Создавање на едукативни видеа за алатки за младински активизам |
| **1. Поттикнување и промоција на дебата, слобода на изразување и информирање;** | 1.4.1. Промовирање слобода на изразување, слобода на информирање и критичко размислување | 1. Отстапување на медиумски простор за креативната заедница, маргинализираните групи, здруженија на граѓани, движења и индивидуалци | 1. Зголемување на бројот на надворешни партнери и соработници<br>2. Овозможување на видео и аудио пренос на групи од интерес<br>3. Отворени студија и дебати на актуелни теми кои се од интерес за младите |
| | | 2. Стимулирање и информирање на младите за активно користење на јавните простори | 1. Вклучување на креативната заедница во работата на програмата Младински активизам и Радио МОФ<br>2. Креирање на активности за информирање на младите за користење на јавниот простор |
| | | 3. Продукција на содржини кои се од интерес на младите | 1. Зголемување на квантитетот и квалитетот на медиумски содржини<br>2. Организирање конференции за споделување на искуства, знаења и вештини<br>3. Создавање на нови веб платформи за младинско информирање на локално ниво и зајакнување на постоечките |
| | | 4. Развивање и промовирање на медиумска писменост, дебата и критичка мисла | 1. Зголемување на капацитетите на Радио МОФ за можности за пракса и волонтирање со менторства<br>2. Зајакнување на соработката со факултетите по новинарство, други медиуми и медиумски организации<br>3. Организирање на отворени работилници за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | млади и медиуми |
| | | 5. Позиционирање на Радио МОФ на медиумската сцена | 1. Зголемување на присуство на социјални мрежи<br>2. Зголемување на присуството на културната сцена<br>3. Вклучување на јавни личности во програмата на Радио МОФ<br>4. Вклучување на Радио МОФ во иницијативи кои промовираат слобода на изразување<br>5. Врмежување на Радио МОФ со други медиуми, медиумски организации, формални и неформални групи со цел за остварување на заеднички активности |